Машински факултет
Број 02-962/1
27.08.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во врска со мерките и препораките за спречување на внесување, ширење и заштита од коронавирусот CoVid-19 и актуелната состојба со пандемијата, на предлог од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 53-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 27 август 2020 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за начинот на реализација на наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година

1. Со оваа одлука се утврдува начинот на реализација на наставата на прв, втор и трет циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година.

2. Наставата на Факултетот (предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти и сл.), во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година ќе се изведува on-line, исклучиво преку платформата Microsoft Teams.

3. Наставата на прв циклус студии задолжително ќе се изведува во термините определени со Распоредот на часови за зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година, а на втор и трет циклус на студии во термини кои ќе ги определи предметниот наставник.

4. При реализација на наставата наставниците и соработниците имаат обврска да креираат Листа на присутни, како доказ за одржана настава и за евиденција за присутност на студентите. Согласно евиденцијата студентите ќе го остварат правото за добивање потпис по наставниот предмет, според условите за добивање потпис пропишани со предметната програма.

5. Наставата при нејзиното одржување задолжително се снима. Снимката е достапна за сите пријавени студенти по наставниот предмет. Прегледувањето на снимениот материјал не може да претставува основ за остварување на правото за добивање потпис по наставниот предмет.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: наставниците, студентите, студентска служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев